Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 263/22) и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91” (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.55/21).

2. Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91” (“Службен весник на Република Македонија” бр.55/21), престанува да важи по основ на барање на носителот на лиценцата, Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар со седиште на ул. “ЈНА” бр.21 Гостивар (во понатамошниот текст: Друштво), на 7 ноември 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91” УП1 бр.12-466/22 од 7 ноември 2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 10 ноември 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Престанок на лиценцата се бара, бидејќи е донесена одлука за прогласување на дел од Шар Планина за заштитно подрачје во Категорија II, Национален парк, по што е утврдено дека МХЕЦ “ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91” е лоцирана во зоната на строга заштита, во која нема да биде дозволена нејзината изградба.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-2693/2 од 17 ноември 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 17 ноември 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на важење на одлуката издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ШЕЛИЧЕ со реф.бр.91" на Друштвото за производство на електрична енергија ГРАВИС ХИДРО ДОО увоз-извоз Гостивар.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-466/22**
**17 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**